# ЗАКОН ЗА ПРАВДА ЗА ДЕЦАТА

- Закон за правда за децата („Службен весник на РСМ“ бр.66 од 20 март 2024 година)
- Закон за правда за децата („Службен весник на РМ“ бр.148/2013, 152/2019 и 275/2019 година)
- Конвенција за правда на детето – усвоена од страна на Генералното собрание на ООН во 1989 година
- Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр.150/2010 и 100/2012 година)
- Законот за прекршоците („Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019)

# Постапка за деца пред Судот

- Соодветна примена на ЗКП и ЗП
- Кога судот ќе утврди дека детето во времето на извршување на дејствието нема 14 години, ќе ја запре постапката и ќе го извести ЦСР
- Детето има право на судење во разумен рок, истата е итна и не може да трае подолго од 1 година од денот на приемот на предметот до донесување на првостепена одлука. За казни од најмалку 4 години не може да трае подолго од 1 година и 6 месеци, за прекршок не подолго од 9 месеци

- Кога детето е недостапно постапката се прекинува. Роковите престануваат да течат, но не подолго од навршување 27 години. После тоа постапката се запира по службена должност.
- Овластен тужител е ЈО
- Кога му се суди на дете јавноста се исклучува
- Одбраната на детето во сите фази е задолжителна. Детето може да се испитува само во присуство на бранителот.

- Родителот може да присуствува во текот на целата постапка, освен ако судот оцени дека тоа може штетно да влијае врз детето
- Оштетениот и неговиот полномошник може да присуствува во сите дејствија, освен ако судот оцени дека тоа може штетно да влијае врз детето
- Судот може да дозволи и да присуствуваат лица кои ги заштитуваат правата на детето

# Нов член 97 во ЗПД

- Судот пред да превземе дејствие на детето му дава поука (право на бранител, во постапката е исклучена јавноста, има право да не даде известување – да се бране со молчење, право на родителите да му се даде истата поука, да биде придружувано со родител или полнолетно лице, при лишување од слобода да биде известено на јазикот што го разбира, податоци за неговата психофизичка способност, право на лекарски преглед, може да му биде определена мерка на претпазливост, да не му се суди во отсуство

# Нов член 98 од ЗПД

- Да биде придружувано од родител, старател, друго полнолетно лице или претставник д Центарот
- Детето може да се откаже од нивно присуство и тоа мора да се наведе во записникот или снимката
- На детето не може да му се суди во отсуство
- Детето може да биде отстрането од претресот

- При испитувањето на детето се постапува претпазливо и се испитува на начин што одговара на неговата возраст
- Постапката се раздвојува доколку дејствијата ги презел со полнолетно лице
- Кога лицето како дете сторило дејствие како полнолетно лице, се спроведува единствена постапка согласно ЗКП
- Во постапката за деца Центарот има право да се запознае со текот на постапката

- Детето се повикува преку родителот, освен ако тоа не е можно поради потребата од итно постапување
- Доставата на писмена на лице кое наполнило 18 години, може да се врши преку огласна табла.
- Без дозвола на судот не може да се објавува текот на постапката, ниту одлуката
- Органите што учествуваат во постапката извештаите ги доставуваат во рок не подолг од 20 дена

# Надлежен суд

- Судијата за деца ја спроведува подготвителната постапка и претседава со советот за деца
- Советот за деца е составен од судија за деца и двајца судии поротници. Одлучува во прв степен.
- Кривичниот совет за деца одлучува по жалбите против решенијата на судијата за деца. Не може да учествува судијата за деца кој ја донел одлуката против која е изјавена жалба.
- Совет за деца во Апелациониот суд е составен од судија за деца и двајца судии

- Во Врховниот суд се формира совет за деца составен од пет судии.
- Во специјализираните судски оддели за правда за децата, за вршење на стручни работи претседателот на судот определува по еден социјален работник, педагог или психолог по предлог на ЦРС
- Месно надлежен е судот според живеалиштето, или престојувалиштето на детето. Може и според местото на извршување на дејствието.

# Поведување на постапката

- Постапката се поведува по барање на ЈО
- За кривични дела за кои се години по предлог или по приватна тужба, оштетениот во рок од 3 месеци од сознавањето за сторителот или за делото, до ЈО доставува предлог
- Ако ЈО не поведе постапка, го известува оштетениот кој не може да го преземе гонењето ниту да поднесе приватна тужба, туку може во рок од 8 дена да бара советот за деца да одлучи

- ЈО пред да поднесе барање може да го сослуша детето
- Кога се исполнети условите за казнување на дете во ризик над 14 години, ЈО може да му предложи да се спроведе постапка за признавање на одговорност и спогодување за висината на казната
- ЈО во постапката обезбедува извештај од ЦСР и согласност од оштетениот
- Ако оштетениот е согласен, ЈО ги повикува сите на јавно спогодување за кое за составува спогодба

- JO ја доставува спогодбата до советот за деца кој може да ја прифати и да донесе пресуда против која нема право на жалба. Ако не ја прифати спогодбата се враќа на JO кој е должен да поднесе барање за поведување на претходна постапка
- Во текот на судската постапка не можат да се користат списите и изјавите од спогодувањето и JO не смее да се повикува на податоците и изјавите дадени во постапката за спогодување

# Подготвителна постапка

- ЈО поднесува барање за поведување на подготвителна постапка до судијата за деца
- Ако судијата за деца не се согласи со барањето, ќе побара за тоа да одлучи кривичниот совет
- Судијата за деца може на МРВ да им нареди да извршат претрес или да одземат предмети
- Ако судијата за деца по испитувањето на детето и добивањето на извештајот од ЦСР оцени дека нема потреба на други дејствија, ќе го изнесе предметот пред советот за деца заради конечно решавање во рок не подолг од 8 дена

- Ако советот за деца оцени дека има потреба од спроведување на други дејствија, ќе донесе решение со кое ќе го врати предметот на судијата за деца за дополнување на постапката
- По исклучок за кривично дело за кое е предвидено казна затвор до три години, ЈО по сослушување на детето од судијата за деца може да му достави предлог до советот за деца за изрекување на санкција без спроведување на претходна постапка ако случајот е доволно разјаснет

- Советот за деца донесува одлука за изрекување на мерка или друга санкција врз основа на наодот и мислењето на ЦСР. Одлуката ја донесува на седница на која се повикува ЈО
- Советот за деца не може на ваков начин да изрече казна затвор и заводски мерки
- Ако детето и бранителот се противат на предлогот на ЈО, судијата за деца ќе донесе решение за спроведување на подготвителна постапка

- Во подготвителната постапка се утврдува возраста на детето, оценка на неговата душевна состојба, средината и приликите во кои живее
- Ќе се сослуша детето и родителот
- Ќе се побара извештај од ЦСР
- Кога е потребно да се утврди психофизичката способност на детето се определува да го прегледа стручен тим од лекар, педагог и психолог. Прегледот се врши во рок од 30 дена

- Во подготвителната постапка може да присуствува ЈО и претставникот на СЦР
- Испитувањето на детето по оценка на судот може да се изврши со помош на педагог, психолог или друго стручно лице. Се води сметка за правата на детето, особено за правото на одбрана
- Во текот на подготвителната постапка детето со одлука на судијата за деца може да се смести во Установа за образование, грижа и заштита на деца, да се стави под надзор на ЦСР. Против решението дозволена е жалба до КС за деца.

# Постапка во МВР

- Заради собирање информации детето се повикува во МВР согласно овој закон
- Разговорот задолжително се води во присуство на родителот и бранителот
- Разговорот се води во посебни простории
- Задржувањето на дете може да биде најдолго 12 часа и за задржувањето веднаш се известува ЈО, судијата за деца, родителот, бранителот и ЦСР
- Задржувањето подолго од 6 часа мора да го одобри службеникот за прифат

- Задржаното дете мора без одлагање, а најдоцна во рок од 12 часа да биде изведено пред судија за деца, кој одлучува за притвор или за пуштање на слобода
- Ако судијата за деца најде дека нема основ за задржување ќе донесе решение за негово пуштање на слобода, во кое ќе оцени за законитоста на задржувањето
- Детето и бранителот имаат право на жалба до КС за оценување законитоста на лишување

# Притвор

- Притвор може да определи судијата за деца само по предлог на ЈО по основите од ЗКП
- Може да се определи краткотраен притвор во траење од 24 часа
- Дете странец за кое не може да се утврди идентитетот може да се упати во одделот за деца на центарот за прифаќање на странци
- Притворот може да трае најдолго 30 дена
- Советот за деца може да го продолжи за уште 60 дена. Рокот за жалба е 3 дена до КС за деца

- Во случај на спреченост на судијата за деца решението за притвор го носи судијата на претходна постапка
- Во притворот детето се сместува одвоено од полнолетните лица
- Контакт со семејството најмалку еднаш неделно
- При краткотраен притвор судијата за деца го посетува најмалку еднаш, при подолг притвор најмалку еднаш на секои десет дена

- Ако судијата за деца во текот на подготвителната постапка кога ќе утврди дека дејствието не е кривично дело, настапила застареност или делото е опфатено со амнестија или помилување или постојат и други околности што го исклучуваат гонењето, или ако нема докази, ќе го извести ЈО.
- Ако ЈО во рок од 8 дена не го извести судијата дека се откажува од гонење судијата за деца ќе побара кривичниот совет за деца да ја запре постапката

- Решението на кривичниот совет за деца се доставува до ЈО, оштетениот и детето кои имаат право на жалба до кривичниот совет за деца на Апелациониот суд
- Советот за деца може во текот на целата подготвителна постапка за донесе решение за запирање на постапката

# Завршување на подготвителна постапка

- Списите се доставуваат до ЈО кој може во рок од 8 дена да побара да се дополни подготвителната постапка, да даде изјава дека се откажува од гонење или да стави предлог за примена на санкција
- Доколку ЈО се откаже од гонење решението за запирање се доставува до оштетениот кој може до советот за деца да стави предлог за продолжување на постапката
- ЈО има право на жалба до советот на Апелација

# Постапка пред Советот за деца

- При неспорна фактичка состојба по приемот на предлогот за примена на санкција се закажува седница на советот за деца
- На седницата може да се одлучи да се одржи главен претрес поради утврдување на фактичка состојба
- Казни и заводски мерки можат да се изречат само по одржан главен претрес
- За седницата се известуваат и можат да присуствуваат ЈО, бранителот, претставникот на ЦСР, по потреба и детето со родителот

# Главен претрес

- Се применуваат одредбите од ЗКП
- Се повикува ЈО, оштетениот, детето, бранителот, родителот, претставник на ЦСР
- Недоаѓањето на родителот или на претставникот на ЦСР не го спречува одржувањето на ГП
- Главен претрес се закажува во рок од 8 дена од приемот на предлогот од ЈО. За секое продолжување мора да се добие одобрение од претседателот на судот

- со поканата се доставува и предлогот за примена на санкција
- Недоаѓањето на родителот/старателот или претставникот на Центарот не го спречува одржувањето на главен претрес
- Претседателот и членовите на кривичниот совет задолжително присуствуваат
- Искази на сведоци по сослушување надвор од главен претрес

- ГП започнува со читање на обвинението на АСС од страна на ЈО
- Детето се испитува усно
- Прво го испитува претседателот, потоа судиите поротници
- ЈО, бранителот, оштетениот, законскиот застапник, полномошникот, сообвинетиот и вештаците прашањата ги поставуваат преку претседателот на советот

- Докази предлагаат странките, бранителот, оштетениот и полномошникот
- Советот може да изведува докази и по службена должност кои не се предложени
- Доказите се изведуваат по ред кој го определува претседателот
- Оштетениот се сослушува веднаш после обвинетиот
- Сведоци и вештаци се испитуваат согласно ЗКП

# Одлуки

- Кривичниот совет за деца не е врзан за предлогот на ЈО при одлучување дали ќе се изрече казна или ќе се примени друга санкција
- Советот ќе ја запре постапката во случај кога согласно ЗКП, судот донесува пресуда со која обвинението се одбива или со која се ослободува од обвинение и кога советот ќе најде дека не е сообразно на детето да му се изрече санкција
- Воспитна мерка и мерка на безбедност се донесува со решение

- Казна се донесува со пресуда во форма на осудителна пресуда. Алтернативна мерка со решение
- Со трошоци може детето да се задолжи само ако му се изрече казна или алтернативна мерка
- Ако е изречена воспитна мерка трошоците на постапката паѓаат на товар на Буџетот, освен ако е изречена обврска надомест на штета. Трошоците за бранител ги сносат родителите
- Одлуката се изготвува не подолго од 15 дена, за сложени до 30 дена

# Правни лекови

- Во рок од 8 дена од приемот. Оштетениот може да изјави само за имотноправното барање
- Бранителот, ЈО, брачниот, вонбрачниот, роднина по крв во прва линија, старателот, братот и сестрата можат да изјават жалба во корист на детето и против негова волја
- На седницата на советот пред Апелациониот суд се известуваат детето и неговиот бранител ако тие тоа го бараат

- Може да се преиначи одлуката само по поднесена жалба на ЈО
- Советот може да ја преиначи одлуката и да изрече казна или заводска мерка само ако одржи претрес
- Против одлуката за преиначување по одржан претрес со која се изрекува казна или заводска наместо воспитна мерка може да се изјави жалба во рок од 8 дена до Врховниот суд

# Вонредни правни лекови

- Барање за заштита на законитоста може да се поднесе согласно ЗКП
- Одредбите од ЗКП се применуваат и за повторување на кривичната постапка завршена со изрекување на воспитна мерка или за запирање

# Прекршочна постапка

- Може да се поведе само ако случајот не е решен во претходна постапка на спогодување
- Прекршочната постапка ја води судијата за деца
- Родителите и ЦСР имаат право да учествуваат
- Се запира постапката ако детето не наполнило 14
- Се запира и кога дејствието не е предвидено како прекршок, постојат околности кои го исклучуваат гонењето, нема докази и кога подносителот се откажал од барањето

- За секое барање за поведување на прекршочна постапка се бара мислење од ЦСР
- Врз основа на мислењето на ЦСР може да се одлучи да не се поведува прекршочна постапка и со решение се отфрла барањето ако оцени дека не е целесообразно водење на постапка
- Повикувањето на детето се врши преку родителот
- Постапката завршува со решение со кое се запира постапката или со изрекување на воспитна мерка или општокорисна работа

# Жалба

- Против решението имаат право на жалба
- Советот за деца при Апелациониот суд по жалбата решава на седница без повикување на странките
- Може да се користат и вонредни правни лекови барање за повторување на прекршочната постапка и барање за заштита на законитоста

Б Л А Г О Д А Р А М